АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-79/1
03.03. 2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак: 0102
Рок на чување: 1 год.
201___ година
Потпис,

# Годишен Извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2021 година



[Стручна служба на Агенцијата за пошти]
**Март, 2022 година**

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Врз основа на член 73 став 3 од Законот за поштенските услуги ( Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 150/2021), Директорката на Агенцијата за пошти поднесува Годишен извештај за спроведен надзор како составен дел на Годишниот извештај за работа за претходната година на Агенцијата за пошти.*

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

**Вовед**.......... 3

1.ДАВАТЕЛИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ КОИ БЕА ПРЕДМЕТ НА РЕДОВЕН НАДЗОР ВО 2021 година .......... 4

2. ИЗВРШЕНИ НАДЗОРИ ПО КВАРТАЛИ .......... 6

ПРВ КВАРТАЛ .......... 6

ВТОР КВАРТАЛ.......... 8

ТРЕТ КВАРТАЛ.......... 8

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ .......... 10

“ДИВИ ДАВАТЕЛИ“ .......... 11

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# Вовед

**Агенцијата за пошти** како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги[1] (во натамошниот текст: ЗПУ), врши надзор над спроведување над овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2021 година** ги сумира активностите кои се превземени согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2021 година бр.01-278/1 од 22.12.2020 година, во насока на вршење на надзор над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него, а особено врз:

- пристапот до универзалната услуга;
- квалитетот на обезбедување на универзалната услуга;
- обезбедување пристап до поштенската мрежа;
- примена на цените на универзалната услуга;
- имплементација на сите акти донесени од страна на Агенцијата;
- над други работи утврдени со овој закон и над прописите и другите општи акти донесени врз основа на него.

Согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2021 година, надзорот се спроведе како:

1) редовен надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и Годишната програма за вршење надзор;

2) вонреден надзор кој се изврши ненајавено, врз основа на поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги, како и во случај на сомневање на овластеното лице (по службена должност), и

3) контролен надзор кој се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на директорот на Агенцијата, при што

[1] Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 150/2021)

овластеното лице при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

- постапил по решението во целост;
- делумно постапил по решението, или
- не постапил по решението.

## 1. ДАВАТЕЛИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ КОИ БЕА ПРЕДМЕТ НА РЕДОВЕН НАДЗОР ВО 2021 година

| Реден број | Назив | Дават
ел на поштенски услуги од | Време на спроведување на надзорот |
|---|---|---|---|
| 1 | МЕКС ПОШТА ДОО СКОПЈЕ | 18.07.2019 година | Прв квартал (февруари, март) |
| 2 | БАЛКАН - ПОСТ ДОО СКОПЈЕ | 25.11.2019 година | Прв квартал (февруари, март) |
| 3 | ИНТЕРНАШЕНЕЛ МЕИЛ ДЕЛИВЕРИ ИМД ДООЕЛ СКОПЈЕ | 28.05.2020 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 4 | РСЕ ОПТИМА Вите ДООЕЛ СКОПЈЕ | 13.05.2014 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 5 | БРЗА ПРАТКА ПОСТ М ЛОГИСТИК ДООЕЛ екпорт импорт Тетово | 25.06.2016 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 6 | БРЗА ПРАТКА ДООЕЛ СКОПЈЕ | 24.04.2015 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 7 | ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ | 10.02.2016 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 8 | М- ДОСТАВА ДООЕЛ СКОПЈЕ | 26.02.2018 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 9 | АНФИЛЕНД ДООЕЛ увоз извоз – за подружница БРЗА ПОШТА број еден Скопје | 11.01.2019 година | Четврти квартал (октомври) |
| 10 | АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ | 14.05.2014 година[2] | Четврти квартал (ноември) |

[2] Агенцијата за пошти со Одлука за определување давател на универзалната услуга во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај од 14.05.2014 година, на АД Пошта на Северна Македонија – Скопје (тогаш АД за поштенски сообраќај Македонска пошта Скопје) и ја продолжи Индивидуална дозвола со неограничено времетраење.

Од планираните 10 редовни надзори беа реализирани **три** (3) и тоа: Мекс Пошта ДОО Скопје, Интернатионал Меил Деливери ИМД ДООЕЛ Скопје и БРЗА ПРАТКА ПОСТ М ЛОГИСТИК ДООЕЛ екпорт импорт Тетово.

Агенцијата за пошти со Решение на 13.07.2021 година го укина Општото овластување на давателот на поштенските услуги **БАЛКАН ПОСТ ДОО Скопје,** поради неисполнување на правата и обврските по член 45 став 4 и член 26 став 3 од ЗПУ, со што **БАЛКАН ПОСТ ДОО Скопје** го губи статусот на давател на поштенски услуги и е избришан од службена евиденција за даватели на поштенски услуги (регистарот) на Агенцијата за пошти. Од таа причина не е извршен редовен надзор над субјектот.

Агенцијата за пошти на ден 31.12.2021 година го избриша од службената евиденција за даватели на поштенски услуги, Друштвото за трговија и услуги РСЕ ОПТИМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.По примена Нотификација за престанок со обезбедување на поштенски услуги од РСЕ ОПТИМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на 31.12.2021 година, Агенцијата за пошти откако констатира дека се исполнети законските услови за престанок согласно член 38 став 3 од ЗПУ, ги избриша податоците за овој давател од службената евиденција за даватели на поштенски услуги на Агенцијата за пошти, со што РСЕ ОПТИМА ДООЕЛ Скопје го изгуби статусот на давател на поштенски услуги. Од таа причина не е извршен редовен надзор над субјектот.

Во 2021 година извршени се **седум (7) вонредни надзори**.






## 2. ИЗВРШЕНИ НАДЗОРИ ПО КВАРТАЛИ

### ПРВ КВАРТАЛ

Во првиот квартал од 2021 година, извршени се **2 (два) вонредни надзори**, со предмет - спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 алинеја 4 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување.

Субјекти на вонредниот надзор беа **Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје** и **БРИНГ ДОО Скопје.**

1. Против Друштво за логистички услуги **Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје**, издадени се:
   - Записник за извршен надзор и Записник за сторен прекршок УП I бр.02-05 ИН-1 сер.бр.000115 од 04.02.2021 година;

- Прекршочен платен налог за правното лице УП I-ИН-1-бр.02-05 од 04.02.2021 година,
- Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице УП I-ИН-1-бр.02-05 од 04.02.2021 година.

На 02.03.2021 година, поведена е постапка пред Основен кривичен суд Скопје-прекршочно одделение, со поднесување Барање за поведување прекршочна постапка бр.02-05 од 02.03.2021 година против сторителите на прекршоците од овој предмет. На ваквата првостепена Пресуда, Агенцијата за пошти вложи жалба до Апелациониот суд на 05.01.2022 година, поради повреда Законот за прекршоци и Одлуката за висината на прекршочната санкција.Постапката е во тек.

2. Против Друштво за трговија и услуги **БРИНГ ДОО Скопје** , издадени се:

- Записник за извршен надзор и Записник за сторен прекршок УП I бр.02-08 ИН-1 сер.бр.000116 од 02.03.2021 година;
- Прекршочен платен налог за правното лице УП I-ИН-1-бр.02-08 од 02.03.2021 година,
- Субјектот на надзор беа и два управители, косовски државјани, поради што за секој од нив се издадени посебни Прекршочни платни налози за одговорното лице во правното лице УП I-ИН-1-бр.02-08 од 02.03.2021 година.

На 18.03.2021 година, поведена е постапка пред Основен кривичен суд Скопје-прекршочно одделение, со поднесување Барање за поведување прекршочна постапка бр. 02-08 од 18.03.2021 година против сторителите на прекршоците од овој предмет. На 28.10.2021 година Основниот кривичен суд донесе Решение во кое се отфрла барањето.Агенцијата за пошти не поднесе жалба од причини што одговорните лица во правното лице се странски државјани и за истите нема потребни адресни податоци ниту во Централен

Регистар на Република Северна Македонија, ниту во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## ВТОР КВАРТАЛ

Во вториот квартал од 2021 година, извршен е **1 (еден) вонреден надзор**, со предмет - спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 алинеја 4 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување. Субјект на надзорот беше **ФАСТ ДЕЛИВЕРИ Гевгелија**.

Во предметот за вонредениот надзор против нелиценциран правен субјект, составен е Записник бр.02-58 од 11.05.2021 година, но не е констатиран прекршок.

## ТРЕТ КВАРТАЛ



Во јули 2021 година извршени се **2 (два) редовни надзори** кај давателите на поштенски услуги:

1. **Интернешенел меил деливери ИМД-Скопје** со УПl бр.74/2021 од 10.08.2021 година, и
2. **Мекс пошта ДОО Скопје** со УПl бр.75/2021 од 13.08.2021 година.

Кај двата субјекта не се најдени прекршоци и истото е констатирано и во Записник бр.02-74 од 10.08.2021 година за извршен надозр кај Интернешенел меил деливери ИМД-Скопје и Записник бр.02-75 од 13.08.2021 година за извршен надзор кај Мекс пошта ДОО Скопје.

Во септември 2021 година е извршен е **1 (еден) вонреден надзор** кај субјектот **Друштвото за услуги Ројал Пост**, регистриран на ул.1515 бр.32 Скопје –Кисела Вода. Субјектот е деловно неактивен, иако сѐ уште се рекламира на социјалните мрежи, како друштво за поштенски услуги со тел.број за контакт.

Од направените анализи, Агенцијата констатираше можна поврзаност на овој субјект со Друштво за поштенски услуги Градска Пошта ДООЕЛ Скопје, со оглед дека двата субјекта се регистрирани на иста адреса и со исто лице сопственик и управител. По спроведени дополнителни активности за следење и прибирање информации и докази во насока на подготовки за надзор, направен е вонреден надзор кај вториот субјект при што овластеното лице констатира прекршок.

Во септември 2021 година извршен е **1 (еден) вонреден надзор**, со предмет - спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 алинеја 4 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување. Субјектот на надзорот беше **Градска Пошта од Скопје**.

3. Против Друштво за логистички услуги **Градска Пошта од Скопје**, издадени се:

- Записник за извршен надзор и Записник за сторен прекршок бр.02-77 од 15.09.2021 година;
- Прекршочен платен налог за правното лице УП I-ИН-1-бр. 02-77 од 15.09.2021 година,
- Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице УП I-ИН-1-бр.02-77 од 15.09.2021 година.

На 15.12.2021 година, поведена е постапка пред Основен кривичен суд Скопје-прекршочно одделение, против Друштво за поштенски услуги Градска Брза Пошта ДООЕЛ Скопје со поднесување Барање за поведување прекршочна постапка бр. 02-77 од 14.09.2021 година за сторен прекршок претходно констатиран со Записник од извршен надзор. Постапката е во тек.

## ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ

Во четвртиот квартал од 2021 година извршени се **2 (два) вонредни** надзори.

Субјекти на вонредниот надзор беа **ЕКО ПОШТА ДООЕЛ Скопје** и **РСЕ Оптима Вите ДООЕЛ Скопје** .

1. Против **ЕКО ПОШТА ДООЕЛ Скопје,** кај кој е констатиран прекршок, неправилно доставување на препорачана пратка, што е спротивно на член 54 став 1 од ЗПУ издадени се:
   - Записник за извршен надзор и Записник за сторен прекршок УП I бр.02-85 од 17.11.2021 година;
   - Прекршочен платен налог за правното лице УП I-ИН-1-бр.02-85 од 17.11.2021 година.
   - Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице УП I-ИН-1-бр.02-85 од 17.11.2021 година.



На 15.12.2021 година, поведена е постапка пред Основен кривичен суд Скопје-прекршочно одделение, против Друштво за поштенски и курирски услуги Еко Пошта ДОО Скопје, со поднесување Барање за поведување прекршочна постапка бр.02-85 од 14.12.2021 година за сторен прекршок претходно констатиран со Записник од извршен надзор. Постапката е во тек.

2. Против **РСЕ Оптима Вите ДООЕЛ Скопје** со предмет - спроведување на член 25 став 1 од ЗПУ, казнив по член 81 став 1 алинеја 4 од ЗПУ, односно за недоставување на Извештај за обезбедување на поштенски услуги во период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година издадени се:
   - Записник за извршен надзор и Записник за сторен прекршок УП I бр. 02-84 од 22.11.2021 година;
   - Прекршочен платен налог за правното лице УП I-ИН-1-бр 02-84,

- Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице УП I-ИН-1-бр.02-84

На 28.02.2022 година, поведена е постапка пред Основен кривичен суд Скопје-прекршочно одделение, со поднесување Барање за поведување прекршочна постапка бр. УП I бр.02-84 против сторителите на прекршоците од овој предмет.Постапката е во тек.

Во четвртиот квартал извршен е редовен надзор е извршен кај давателот на поштенски услуги **Брза Пратка Пост-М Логистик Тетово** од страна на овластени лица за надзор. Изготвен е Записник со УПl бр.82-2021 од 01.11.2021 година со наоди, дадени се насоки за подобрување на работата и не е констатиран прекршок.

## "ДИВИ ДАВАТЕЛИ"



Заради обидите на лиценцираните даватели на поштенски услуги да го намалат врз себе притисокот од нерегистрираните е-трговци, во годината која изминува Агенцијата бележи најголем број на т.н.„диви даватели". Во борбата со сивата економија и нелојална конкуренција во поштенскиот сектор, Агенцијата успеа да открие и лоцира неколку од нив, а санкционираше 4 правни лица (наведени погоре во текстот).

По завршување на сите подготовки, во следниот период ќе се превземат активности за вршење на вонреден надзор врз:

1. *Друштво за трговија и услуги ПМ Постман анд логистик ДООЕЛ Скопје* со регистрирано седиште на ул. 20 бр.5, Сингелиќ, Гази Баба Скопје се рекламира на социјална мрежа, има контакт телефон, деловно е активен.

2. *Bring express delivery* има своја е-платформа која работи на принцип со најава и креирање на акаунт, а платформата нуди и услуги за следење на пратките во живо.На веб страница се рекламира дека врши достава на секаков вид на пратки на територијата на Скопје, препорачани писма со повратница, и услуги на лична достава. Регистрирано седиште е на ул.Антон Попов бр.17 Сингелиќ-Скопје, има контакт тел.број и електронска адреса. Со оглед дека не постои правен субјект запишан во трговскиот регистар со името на оваа е-платформа, потребни се дополнителни активности за откривање и документирање на дејноста и на субјектот.

**ЗАКЛУЧОК**: Надзорот се врши согласно Законот за поштенски услуги (објавен во Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 150/2021) и истиот е разработен со повеќе Правилници одобрени од Агенцијата за пошти:



- Правилник за начинот и формата за вршење на надзорот и задолжителните елементи од Записникот за извршениот надзор (објавен во Сл. Весник на РМ 171/2011), и
- Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на лицето овластено за инспекциски надзор и формата на нејзиното издавање и одземање (објавено во Сл. Весник на РМ 96/2011).

Севкупно, може да се смета дека надзорот е усогласен со принципите утврдени со регулативата на ЕУ.[3]

[3] Референтен број на Твининг проектот: МК 14 IPA OT 011- Препораки за инспекциски надзор во поштенскиот сектор

Согласно препораките[4] “оставајќи маргина за други активности од ваков вид што би можеле да произлезат, би било изводливо 24-неделна посветеност на обични задачи што на 2 недели работа по перформанси, би резултирало дека може да се вршат околу 12 обични активности годишно“ може на крајот да се констатира дека Агенцијата за пошти речиси во целост ги почитува препораките кои се однесуваат на нејзините надлежности во делот на надзорот и контролата.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директорка
Билјана Аврамоска – Ѓореска



[4] Референтен број на Твининг проектот: МК 14 IPA OT 011- Препораки за инспекциски надзор во поштенскиот сектор